**ДО**

**СОБРАНИЕТО НА АКЦИОНЕРИ**
**НА ЖИТО ЛУКС АД**

**Т у к а**

# И З В Е Ш Т А Ј
## За работењето на Управниот одбор за 2011 година

Во текот на 2011 година Управниот одбор работеше согласно Законот за трговски друштва, Статутот и Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството и редовно заседаваше и ги превземаше потребните активности за непречено работење на Друштвото.

Во текот на 2011 г. Управниот одбор одржа вкупно 15 седници, во состав кој беше менуван во текот на годината.

Во 2011 година Управниот одбор работеше во следниот состав:

1. Г-дин Рамантанис Димостенис - Претседател
2. Г-дин Димитриос Плакуцис-Потпретседател
3. Г-дин Иоаннис Пападопоулос-член
4. Г-ѓа Нада Вујиќ-член
5. Г-ѓа Емилија Дубарџиева-член
6. Г-ѓа Наташа Чerековиќ-член
7. Г-ѓа Даниела Нонкуловска-член

Од 01-06-2011 година, Управниот одбор работеше во следниот состав:

1. Г-дин Рамантанис Димостенис - Претседател
2. Г-дин Димитриос Плакуцис-Потпретседател
3. Г-ѓа Склави Аглаиа-член
4. Г-ѓа Нада Вујиќ-член
5. Г-ѓа Емилија Дубарџиева-член
6. Г-ѓа Наташа Черековиќ-член
7. Г-ѓа Даниела Нонкуловска-член

Во овој период Управниот одбор одржа вкупно 15 седници и расправаше за повеќе прашања на тема:

- Редовно се разгледуваа и усвојуваа тримесечните извештаи за работењето на Управниот одбор и истите се доставуваа до Надзорниот Одбор на усвојување;
- Се разгледа извештајот и пописниот елаборат доставен од страна на Централната пописна комисија и се донесоа одлуки по истиот;
- Се донесоа одлуки за продажба на основни средства, сопственост на ЖИТО ЛУКС АД Скопје;
- Се донесе одлука за усвојување на годишната сметка на ЖИТО ЛУКС АД Скопје за 2010 г.;
- Се донесе одлука за усвојување на финансиските извештаи на ЖИТО ЛУКС АД Скопје за 2010 г.;
- Се донесе одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото за 2010 г.;
- Се донесе одлука за одобрување на Извештајот за работењето на Управниот Одбор за 2010 г.;
- Се донесе одлука за свикување на Годишно собрание на акционери на ЖИТО ЛУКС АД Скопје за ден 19-04-2011 г. во 14:00 часот, во седиштето на Друштвото и се утврди агендата за истото;
- Се донесе одлука за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Друштвото;
- Се донесе одлука за измена и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на Друштвото;
- Се донесе намера за откажување на договори за вработување на работници поради деловни причини;
- Се донесе одлука за формирање на Комисија за проценка на ризици од опасности и мерки за заштита во Друштвото;
- Се донесе одлука за продолжување на важноста на Договорот за кредитна линија склучен со Стопанска Банка АД Скопје и за продолжување на заснованото заложно право врз основни средства сопственост на Друштвото;
- Се донесе одлука за измена и дополнување на одлуката за основната плата и надоместоците од платата на работниците во Друштвото;
- Се одобрија Проценката на загрозеност од природни непогоди и други несреќи, Планот за цивилна заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи, како и Правилникот за заштита од пожари и експлозии;
- Се донесе одлука за одобрување на задолжување на Друштвото во Охридска Банка АД Охрид со Договор за долгорочен кредит и се даде согласност за засновање на заложно право врз основни средства сопственост на ЖИТО ЛУКС АД Скопје;

- Се донесоа одлуки за проширување и продолжување на важноста на Договорот за рамковен револвинг кредит од средствата на Охридска Банка АД Охрид и се даде согласност за засновање на заложно право врз основни средства сопственост на ЖИТО ЛУКС АД Скопје;
- Се донесоа одлуки за откажување на договори за вработување на вработени поради деловни причини;
- Се донесоа одлуки за засновање на заложно право врз основни средства кои се продаваат како обезбедување за кредити од банки земени од страна на купувачите за купување на основните средства;
- Се усвои планот за користење на годишните одмори на вработените за 2011 г.;
- Се усвои планот и програмата за обука на вработените на ЖИТО ЛУКС АД Скопје за 2011 г.;
- Се донесе одлука за вршење на попис со состојба 31-12-2011 г. и за формирање на Централна пописна комисија и се усвои Правилник за начин и вршење на попис;
- Се донесе одлука за проширување на задолжувањето на Друштвото во Комерцијална Банка АД Скопје по Договорот за рамковен револвинг кредит лимит врз основа на заложно право и се даде согласност за засновање на заложно право врз основни средства сопственост на ЖИТО ЛУКС АД Скопје;
- Се донесоа одлуки за измена и дополнување на одлуката за надомест на трошоците поврзани со работа на терен (теренски додаток) и за измена и дополнување на одлуката за надомест на трошоци за службено патување на вработени од Друштвото во странство;
- Се одобри исплата на регрес за годишен одмор (К-15) за 2011 г. за вработените во Друштвото;
- Се одобри доделување на новогодишни подароци за вработените и за надворешните соработници на Друштвото;
- Се одобри доделување новогодишни подароци за децата на вработените на возраст до 10 г.;
- Се донесе одлука за усвојување на сметководствени политики на Друштвото.

Управниот одбор редовно го информираше Надзорниот одбор за своето работење.

Од горе наведеното можеме да кажеме дека Управниот одбор во текот на 2011 г. редовно заседаваше и запознаваше со проблемите во Друштвото и превземаше и други активности се со цел да се обезбеди поуспешно работење на Друштвото.

***Од УПРАВЕН ОДБОР***